# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 238** **18 ноември 2019, понеделник** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3698. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2 - комунална супраструктура (бензинска пумпна станица и услужен центар) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево..... | 2 |
| 3699. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово, Општина Пробиштип и Општина Свети Николе на Рударско индустриски комбинат Силекс АД – Кратово..... | 2 |
| 3700. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово и Општина Пробиштип на Рударско индустриски комбинат СИЛЕКС АД – Кратово... | 3 |
| 3701. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Намибија во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје..... | 3 |
| 3702. | **Одлука** за давање согласност за именување Почесен конзул на Република Намибија во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје..... | 4 |
| 3703. | **Одлука** за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, Штип – Кочани, делница Штип – Крупиште и Проект за рехабилитација и реконструкција на регионален пат Р1205, делница Пробиштип – Крупиште на минерална суровина – базалт на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Ежево брдо“, Општина Карбинци.. | 4 |
| 3704. | **Одлука** за одобрување на средства од Буџетот на Министерството за одбрана за 2019 година ..... | 5 |
| 3705. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево..... | 5 |
| 3706. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес..... | 7 |
| 3707. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово..... | 8 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3708. | **Програма** за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Македонија за 2019 година..... | **9** |
| 3709. | **Правилник** за изменување на Правилникот за знаци за безбедност и здравје при работа(*)..... | **10** |
| 3710. | **Одлука** за измена и дополнување на Одлуката бр.02-2114/1 од 1.12.2015 година..... | **10** |
| 3711. | **Оглас** за избор на 3 (тројца) судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија за граѓанска област..... | **10** |
| 3712. | **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт..... | **11** |
| 3713. | **Правилник** за содржината и формата на Годишниот план за работа на инспекциска служба..... | **12** |
| 3714. | **Правилник** за формата и содржината на месечниот план за работа на секој инспектор..... | **21** |
| 3715. | **Правилник** за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби..... | **30** |
| 3716. | **Правилник** за формата и содржината на програмите за обука за стекнување со лиценца за инспектор..... | **47** |
| 3717. | **Правилник** за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор..... | **50** |
| 3718. | **Правилник** за формата и содржината на образецот за лиценца за инспектор..... | **51** |
| 3719. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на службената легитимација и значката на инспекторот, како и начинот на нивното издавање и одземање во инспекциските служби..... | **53** |
| 3720. | **Правилник** за начинот на оценување и формата и содржината на образецот за оценување на учинокот на инспекторите..... | **55** |
| 3721. | **Правилник** за формата и содржината на Извештајот за оценување на учинокот на инспекторите..... | **59** |
| 3722. | **Упатство** за доделување на парична награда за инспектор..... | **62** |
| 3723. | **Решение** за почеток со работа..... | **62** |
| 3724. | **Колективен договор** на Министерството за одбрана..... | **62** |
| 3725. | **Објава** за стапката на трошоците на живот и платите за месец октомври 2019 година..... | **75** |
| | **Огласен дел**..... | **1-100** |


# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3698.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА И УСЛУЖЕН ЦЕНТАР) КО ГЛУВО БРАЗДА, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2 - комунална супраструктура (бензинска пумпна станица и услужен центар) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 11072 м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 2791 | Глуво Бразда | Чар | пасиште | 5 |
| 2792 | Глуво Бразда | Чар | пасиште | 6 |
| 2793/1 | Глуво Бразда | Чар | пасиште | 6 |
| 2794/1 | Глуво Бразда | Чар | нива | 5 |
| 2794/2 | Глуво Бразда | Чар | нива | 5 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 12657 $м^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45–5279/1
12 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3699.**

Врз основа на член 44 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.153/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – БАКАР, ЗЛАТО И СРЕБРО НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ПЛАВИЦА И ЦРН ВРВ“ ОПШТИНА КРАТОВО, ОПШТИНА ПРОБИШТИП И ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ НА РУДАРСКО ИНДУСТРИСКИ КОМБИНАТ СИЛЕКС АД – КРАТОВО**

1. Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово, Општина Пробиштип и Општина Свети Николе бр.24-4363/1 од 27.7.2018 година, едностранo се раскинува поради битна повреда на одредбите на договорот.

2. Во име на Владата на Република Северна Македонија, министерот за економија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука ќе го извести концесионерот за едностраниот раскин на Договорот за концесија од точка 1 од оваа одлука.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово, Општина Пробиштип и Општина Свети Николе на Рударско Индустриски Комбинат Силекс АД - Кратово бр.42-5058/1 од 26.7.2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/16).

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-7593/1
12 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3700.**

Врз основа на член 44 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.153/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – БАКАР, ЗЛАТО И СРЕБРО НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ПЛАВИЦА И ЦРН ВРВ“ ОПШТИНА КРАТОВО И ОПШТИНА ПРОБИШТИП НА РУДАРСКО ИНДУСТРИСКИ КОМБИНАТ СИЛЕКС АД – КРАТОВО**

1. Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово и Општина Пробиштип бр.24-4362/1 од 27.7.2018 година, едностранo се раскинува поради битна повреда на одредбите на договорот.

2. Во име на Владата на Република Северна Македонија, министерот за економија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука ќе го извести концесионерот за едностраниот раскин на Договорот за концесија од точка 1 од оваа одлука.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово и Општина Пробиштип на Рударско индустриски комбинат СИЛЕКС АД - Кратово бр.42-5057/1 од 26.7.2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/16).

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-7594/1
12 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3701.**

Врз основа на член 86 став (3) од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА НАМИБИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО СКОПЈЕ**

Член 1

Се отвора Почесен конзулат на Република Намибија во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-8445/1
12 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3702.**

Врз основа на член 93 став (3) од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА НАМИБИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО СКОПЈЕ**

Член 1

Се дава согласност Дарко Бабамов да се именува за Почесен конзул на Република Намибија во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-8449/1
12 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3703.**

Врз основа на член 40-а став (12) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕКСПРЕСЕН ПАТ А3, ШТИП – КОЧАНИ, ДЕЛНИЦА ШТИП – КРУПИШТЕ И ПРОЕКТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1205, ДЕЛНИЦА ПРОБИШТИП – КРУПИШТЕ НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – БАЗАЛТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ЕЖЕВО БРДО“, ОПШТИНА КАРБИНЦИ**

1. На Јавното претпријатие за државни патишта се доделува концесија за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, Штип – Кочани, делница Штип – Крупиште и проект за рехабилитација и реконструкција на регионален пат Р1205, делница Пробиштип – Крупиште на минерална суровина – базалт на локалитетот „Ежево брдо“, Општина Карбинци, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелата и тоа:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7596250 | 4629155 |
| Т-2 | 7596389 | 4629219 |
| Т-3 | 7596477 | 4629565 |
| Т-4 | 7596602 | 4629541 |
| Т-5 | 7596594 | 4629334 |
| Т-6 | 7596679 | 4629103 |
| Т-7 | 7596551 | 4628986 |
| Т-8 | 7596250 | 4628958 |

2. Површината на просторот на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука изнесува P= 0.147419 km2.

3. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука е до 29.2.2020 година.

4. Висината на надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука се определува со Договорот за концесија во согласност со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

5. Начинот и роковите на плаќање на надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определат со Договорот за концесија.

6. Како почеток на важење на концесијата од точка 1 на оваа одлука се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Северна Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-8722/1
12 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3704.**

Врз основа на член 36, став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА ЗА 2019 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се одобруваат средства во износ од 34.000.000,00 денари наменети за поправка на локалниот пат кој води кон Армискиот полигон Криволак низ с.Криволак и од с.Пепелиште кон Армискиот полигон Криволак.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Министерството за одбрана за 2019 година, Раздел 05001, Програма 5 –Недвижности и услуги, Потпрограма 5Б – Изградба и реконструкција на објекти и инфраструктура, категорија 48-Капитални расходи, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС.

Член 3

Се задолжува Министерството за одбрана обезбедените средства од член 1 на оваа одлука да ги префрли на посебна наменска сметка на Општината Неготино.

Член 4

Се задолжува Општината Неготино, да отвори посебна наменска сметка за поправка на локалниот пат кој води кон Армискиот полигон Криволак низ с.Криволак и од с.Пепелиште кон Армискиот полигон Криволак.

Член 5

Се задолжува Општината Неготино, по завршување на активностите поврзани со поправката на локалниот пат кој води кон Армискиот полигон Криволак да достави извештај до Владата на Република Северна Македонија за начинот на искористување на одобрените средства, а неискористените средства по завршување на активностите да ги врати во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-8888/1
12 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3705.**

Врз основа на член 44 став 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за образование и наука му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7Q1 | 1 |
| 2 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7QJ | 1 |
| 3 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7Q9 | 1 |
| 4 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7QQ | 1 |
| 5 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7NL | 1 |
| 6 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7P4 | 1 |
| 7 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7MW | 1 |
| 8 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7MP | 1 |
| 9 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7QN | 1 |
| 10 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7QR | 1 |
| 11 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FVF | 1 |
| 12 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FTX | 1 |
| 13 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FVW | 1 |
| 14 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FTS | 1 |
| 15 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FVR | 1 |
| 16 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FVQ | 1 |
| 17 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FVK | 1 |
| 18 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190GWW | 1 |
| 19 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FTY | 1 |
| 20 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FVN | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Општина Кичево за потребите на ОСУ „Мирко Милески“- Кичево.

Член 3

Министерот за образование и наука склучува договор со градоначалникот на Општина Кичево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-8991/1
12 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3706.**

Врз основа на член 44 став 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за образование и наука му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7MX | 1 |
| 2 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7QK | 1 |
| 3 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7MM | 1 |
| 4 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7NK | 1 |
| 5 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7NS | 1 |
| 6 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7PL | 1 |
| 7 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7PS | 1 |
| 8 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7PP | 1 |
| 9 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7P2 | 1 |
| 10 | Персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7PG | 1 |
| 11 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FTD | 1 |
| 12 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FX9 | 1 |
| 13 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FXF | 1 |
| 14 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FX3 | 1 |
| 15 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FWZ | 1 |
| 16 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FTV | 1 |
| 17 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FWH | 1 |
| 18 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FXV | 1 |
| 19 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FXB | 1 |
| 20 | Монитор за персонален компјутер | Производител: ХП<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FVB | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Општина Велес за потребите на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес.

Член 3

Министерот за образование и наука склучува договор со градоначалникот на Општина Велес, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-8992/1
12 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3707.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА КУМАНОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за образование и наука му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1 | Персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7R3 | 1 |
| 2 | Персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7R7 | 1 |
| 3 | Персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7QQ | 1 |
| 4 | Персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7NT | 1 |
| 5 | Персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7QV | 1 |
| 6 | Персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7PK | 1 |
| 7 | Персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7QZ | 1 |
| 8 | Персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7MZ | 1 |
| 9 | Персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7Q8 | 1 |
| 10 | Персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: ProDesk 400 G5<br>Сериски број: CZC930C7QY | 1 |
| 11 | Монитор за персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FT0 | 1 |
| 12 | Монитор за персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FSZ | 1 |
| 13 | Монитор за персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FTM | 1 |
| 14 | Монитор за персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FW8 | 1 |
| 15 | Монитор за персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FST | 1 |
| 16 | Монитор за персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FTK | 1 |
| 17 | Монитор за персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FTJ | 1 |
| 18 | Монитор за персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FSW | 1 |
| 19 | Монитор за персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FPK | 1 |
| 20 | Монитор за персонален компјутер | Производител: XII<br>Модел: V214a 20.7”<br>Сериски број: CNC9190FYR | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Општина Куманово за потребите на СОУ „Перо Наков“- Куманово.

Член 3

Министерот за образование и наука склучува договор со градоначалникот на Општина Куманово, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9033/1
12 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3708.**

Врз основа на член 16 став 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19,153/19 и 180/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр.4/19) во насловот на Програмата зборовите „Република Македонија" се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија".

Во делот V. „Потребни финансиски средства (обем, цена и вкупни средства)" Табела 1 се заменува со нова табела, која гласи:

"

| Потребни финансиски средства (обем, цена и вкупни средства) Табела 1 за 2019 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Координација,собирање и употреба на стратегиски информации, следење и проценка | | | | | |
| Бр. | Активност | Извршител | Количина | Цена | Вкупно |
| 1 | Национален центар за управување со податоци, надзор и следење Мониторинг, следење и проценка | Институт за јавно здравје | 1 | 500.000,00 | 500.000,00 |
| 2 | Одржување дата-база на известувања мониторинг посети одржување на возило | Институт за јавно здравје | 1 | 180.000,00 | 180.000,00 |
| 3 | Публикација и печатење на упатства, стандарди и едукативни материјали | Институт за јавно здравје | 1 | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 4 | Набавка на ХИВ тестови за брз скрининг, кондоми и лубриканти | Министерство за здравство | 1 | 2.600.000,00 | 2.600.000,00 |
| 5 | Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за мажи што имаат секс со мажи (МСМ) во Скопје, Тетово, Охрид, Штип и Струмица | Избрани здруженија | 1 | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 |
| 6 | Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за лица кои инјектираат дрога (ЛИД) во Скопје (3), Тетово, Гостивар, Кичево, Охрид, Струга, Битола, Кавадарци, Струмица, Гевгелија, Прилеп, Штип, Велес и Куманово | Избрани здруженија | 1 | 20.078.880,00 | 20.078.880,00 |
| 7 | Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за сексуални работници (СР) во Скопје (2), Тетово, Гостивар, Охрид, Битола, Струмица, Гевгелија | Избрани здруженија | 1 | 6.740.480,00 | 6.740.480,00 |
| 8 | Позитивна превенција и психосоцијална поддршка кај лица со ХИВ и нивни партнери со превенција кај МСМ | Избрани здруженија | 1 | 1.700.000,00 | 1.700.000,00 |
| 9 | Активности за теренско ХИВ тестирање и советување кај клучните популации | Избрани здруженија | 1 | 3.200.000,00 | 3.200.000,00 |
| 10 | Психосоцијална поддршка за лица што се лекуваат од зависност од дрога | Избрани здруженија | 1 | 1.800.000,00 | 1.800.000,00 |
| 11 | Активности за дијагноза и третман на СПИ и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кај клучните популации и млади лица | Избрани здруженија | 1 | 4.700.000,00 | 4.700.000,00 |
| 12 | ДСТ -ХИВ и ХЦВ кај ЛИД на третман со супституција | ЈЗУ Општи болници- Центри за превенција и третман на зависности, Психијатриска Болница | 571 | 150,00 | 85.640,00 |
| 13 | ХИВ ДСТ вклучувајки новооткриени пациенти со туберкулоза | Институт за јавно здравје | 200 | 150,00 | 30.000,00 |
| 14 | Доброволно и доверливо тестирање и советување за ХИВ | 10 Центри за јавно здравје | 1.000 | 150,00 | 150.000,00 |
| 15 | Предавања за превенција на ХИВ кај лица кои издржуваат казна затвор и доброволно и доверливо тестирање за ХИВ и Спроведување на стручни предавања и превенција на ХИВ и СПИ помеѓу општа и млада популација | 10 Центри за јавно здравје | 70 | 1.500,00 | 105.000,00 |
| 16 | Конфирматорска лабораториска дијагноза на ХИВ- инфекција | Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | 40 | 3.000,00 | 120.000,00 |
| 17 | Конфирматорска лабораториска дијагноза на ХИВ- инфекција | Институт за јавно здравје | 30 | 3.000,00 | 90.000,00 |
| 18 | Набавка на антиретровирусна терапија и тестови за следење на ХИВ - инфекцијата за лицата кои живеат со ХИВ | Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | 1 | 36.420.000,00 | 36.420.000,00 |
| 19 | Иследување за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасност на лекување со антиретровирусна терапија HLA- B-5701 тест, Тропизам - CCR5, Фармакогенетика, Генотипизација - CYP450 | Институт за имунологија | 1 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| | Вкупно | | | | 87.700.000,00 |

"

Делот VI. „Финансирање (извори на обезбедување на средствата - Буџет на Република Македонија донации и други извори)" се менува и гласи:

„Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 87.700,000,00 денари. Оваа програма ќе се реализира во рамките на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и тоа: 62.700,000,00 денари од основен буџет и 25.000,000,00 денари од буџет на самофинансирачки активности на Министерство за здравство, додека дел од активностите и мерките ќе се реализираат во рамките на постоечките буџети на јавните здравствени установи. "

Низ целиот текст на Програмата зборовите „Република Македонија" се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија".

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-8490/1
12 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3709.**

Врз основа на член 47 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16), министерот за труд и социјална политика донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗНАЦИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА(*)**

Член 1

Во Правилникот за знаци за безбедност и здравје при работа(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.107/19), во членот 13 запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 08-8495/1
14 ноември 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3710.**

Судскиот совет на Република Северна Македонија, врз основа на член 36 став 1 алинеја 13 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/2019) и член 44 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр. 58/2006, 35/08, 150/10 и 83/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/2019) на седницата одржана на ден 12.11.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА БР.02-2114/1 ОД 1.12.2015 ГОДИНА**

Бројот на судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија се утврдува на 28 судии, вкучувајќи го и претседателот на судот.

Во останатиот дел Одлуката бр.02-2114/1 од 1.12.2015 година. останува неизменета.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на РСМ".

Бр. 08-1827/1
12 ноември 2019 година
Скопје

Судски совет на Република
Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

---

**3711.**

Судскиот совет на Република Северна Македонија, врз основа на член 46 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/2019), објавува

**О Г Л А С**
**ЗА ИЗБОР НА 3 (ТРОЈЦА) СУДИИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ**

Кандидатите за избор на судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 45 и член 46 став 1 точка 5 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/2006, 35/08, 150/10 и 83/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/2019).

Заинтересираните кандидати пријавата заедно со потребна документација во оригинал или заверена фотокопија на нотар да ги достават до Судскиот совет на Република Северна Македонија, ул. Македонија бр. 5, Скопје, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во Службен весник на РСМ. Образецот за пријава може да се подигне во електронска форма на web-страната н Судскиот совет на Република Северна Македонија на следната адреса: http://sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/izvestai/ostanati-dokumenti.

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите полагаат психолошки тест и тест за интегритет согласно член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.150/2010). Од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија ќе бидат спроведени психолошкиот тест и тестот за интегритет за кандидатите кои ги немаат положено тестовите, како и проверка на знаење на практична работа со компјутери. По однос на термините за полагање на тестовите и проверка на знаење на практична работа со компјутери, кандидатите ќе бидат дополнително известени од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Трошоците за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет паѓаат на товар на кандидатите.

Бр. 08-1828/2
12 ноември 2019 година
Скопје

Судски совет на Република Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3712.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 и член 149 од Законот за енергетика (“Службен весник на РМ” бр. 96/2018 и “Службен весник на РСМ” бр.96/2019) и член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт (“Службен весник на РСМ” бр. 103/2019 и 212/2019), а имајќи ги во предвид Законот за акцизите (“Службен весник на РМ” бр. 32/2001...120/18 и “Службен весник на РСМ” бр.108/2019, 143/2019 и 225/2019), Законот за данокот на додадена вредност (“Службен весник на РМ” бр. 44/99...198/18 и “Службен весник на РСМ” бр.98/2019 и 124/2019), Законот за животната средина (“Службен весник на РМ“ бр. 53/2005... 99/18) и Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќаат при увоз и/или производство на нафтени деривати (“Службен весник на РМ“ бр.138/09...51/14), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18.11.2019 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 68,00 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 70,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 62,00 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 51,00 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 33,344 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени од став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно став (1) на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа Одлука, содржани се и највисоките набавни цени, кои изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 28,595 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | - | 30,364 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 30,520 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 30,164 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 26,368 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, кој за Еуросупер БС-95 и за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 5,600 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 5,546 денари/литар, за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 5,646 денари/литар, додека за мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 1,00 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука, со исклучок за мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 0,890 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | - | 0,890 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 0,300 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 0,300 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,740 (денари/килограм) |

Член 7

Во малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот за акцизите, изнесуваат и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 21,712 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 21,692 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 15,342 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 6,320 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,100 (денари/килограм) |

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот на 19.11.2019 година и истата ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-3455/1
18 ноември 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

## ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

**3713.**

Врз основа на член 33, став (4) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник наРепублика Северна Македонија" бр. 102/19), Инспекцискиот совет, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА НА ИНСПЕКЦИСКА СЛУЖБА**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат содржината и формата на годишниот план за работа на инспекциска служба (во натамошниот текст: Годишен план).

Член 2

(1) Годишниот план се изработува во електронска и печатена верзија, на хартија во бела боја, во А4 формат.

(2) Формата и содржината на насловната и останатите страници на годишниот план се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на отпочнувањето на примена на овој правилник, престануваат да важат Правилникот за формата и содржината на годишната програма за работа на инспекциските служби („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/15) и Правилникот за формата и содржината на кварталниот план за работа на секој инспектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/15).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19).

Бр.01-923
7 ноември 2019 година
Скопје

Инспекциски совет
Претседател,
м-р **Магдалена Филиповска-Грашкоска,** с.р.

**Прилог**

**Образец на насловната страница и останатите страници на Годишниот план за работа на инспекциската служба**

Грб/лого

Влада на Република Северна Македонија

**[НАЗИВ НА МИНИСТЕРСТВО/САМОСТОЕН ОРГАН НА УПРАВА]**

**[НАЗИВ НА ИНСПЕКТОРАТ /ИНСПЕКЦИСКА СЛУЖБА]**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА[НАЗИВ НА ИНСПЕКТОРАТ /ИНСПЕКЦИСКА СЛУЖБА] ЗА [ГГГГ] ГОДИНА

**Дел. Бр.** _____ _____

[име и презиме]

**Датум:** _____ _____

[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

**Место:** _____ **(м.п.)** _____

[потпис]

**Прилог**

**Образец на насловната страница и останатите страници на Годишниот план за работа на инспекциската служба**

## Резиме

[Резимето содржи кус приказ на сите поглавја од Годишниот план, со приказ на приоритетните активности и информации, прикажани на најмногу една страница.]

## Анализа на ризици

[Во овој дел се прикажуваат резултатите од анализата на ризици, изработена според соодветната методологија на инспекциската служба]

## Организација и раководење

[Во овој дел се прикажуваат организациската поставеност на инспекциската служба, начинот на раководење и внатрешна координација, евентуалните планирани измени во годината и сл.

Исто така, во овој дел се прикажуваат информации за евентуалните промени, пензионирања и очекуваниот број на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор во годината, при што податоците се прикажуваат и во табеларен преглед во формат како во Табелите 1. и 2. подолу.]

**Прилог**

**Образец на насловната страница и останатите страници на Годишниот план за работа на инспекциската служба**

*Табела 1Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање*

| Вид | Инспектор за [вид 1] | | | | | | Инспектор за [вид 2] | | | | | | Инспектор за [вид n] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Прилог**

**Образец на насловната страница и останатите страници на Годишниот план за работа на инспекциската служба**

*Табела 2План за нови вработувања и пензионирања на инспектори*

| Вид | Инспектор за [вид 1] | | | Инспектор за [вид 2] | | | Инспектор за [вид n] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Прилог**

**Образец на насловната страница и останатите страници на Годишниот план за работа на инспекциската служба**

**Инспекциски надзор**

[Во овој дел се прикажуваат информации за очекуваниот број на неправилности и планираниот број на инспекциски надзори, со образложение во врска со анализата на ризици,при што податоците се прикажуваат и во табеларен преглед во формат како во Табела 3. подолу.]

*Табела 3Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видво [ГГГГ] година, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1 | Велес | | | | 0 | 0 |
| 2 | Градско | | | | 0 | 0 |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | 0 |
| 4 | Кавадарци | | | | 0 | 0 |
| 5 | Лозово | | | | 0 | 0 |
| 6 | Неготино | | | | 0 | 0 |
